ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **18.03.2019 година** во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општината **Борјанчо Мицевски**, Секретарот на Општината **Љубомир Младенов**, Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски**, Раководител на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски**, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Маја Костадиновска**, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски**, Раководител на Одделение за човечки ресурси **Игор Додевски**, Виш соработник за постапки за јавни набавки и работи на совет **Биљана Тасевска**, Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски** и Директор на ЛУ Градски Музеј **Драган Величковски**.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

**<u>Градоначалник</u>**

Информација во врска со одржаната манифестација Невестинско поклонение 2019, со изразена благодарност до сите вработени кои беа влучени во организацијата и реализација на истата.

Дадено е укажување за подобрување на односот на вработените во општинската администрација кон странките, а во рамки на пропишаните норми и стандарди во Етичкиот кодекс.

Дадена е информација во врска со постојниот проблем со огромен број на говеда кои се напасуваат на различни локации покрај самиот патен правец кон г.п.Деве Баир, а кои претставуваат реална опасност за учесниците во сообраќајот и насоки за преземање на соодветни мерки, како и информација за диво приклучување

на новоизградениот водовод во с.Луке, со насоки за итно преземање на мерки за превенирање на настаната состојба и спречување на евентуални штети.

Информација во врска со подготовките за успешна организација и реализација на еколошка акција, која започнува на 24.03.2019 година и ќе трае во наредните 2 (два) месеци, со насоки за свикување на итна прес конференција на која ќе се дадат соодветни информации за јавноста.

Дадени се насоки за отпочнување со активности за организација и реализација на настан по повод 1-ви Април – Денот на шегата.

Дадени се информации и насоки во врска со определени настани и проектни активности, како и новообјавени повици за аплицирање со проекти.

Дадено е задолжение за отпочнување со санација на игхралиштето на лок.Калин Камен, со тампонирање и поставување на урбана опрема.

Дадени се задолженија за расчистување и озеленување на повеќе локации во централното градско подрачје, како и уредување на столбовите за улично осветлување со нови садови за цвеќе.

Дадено е задолжение за поставување на ограда околу градскиот стадион, како и бојадисување на клупите покрај велосипедската патека во речното корито на Крива Река.

Дадено е задолжение за подготовка на спецификација за уредување на мали детски игралишта со поставување на урбана опрема.

Дадено е задолжение за санација и обнова на оградата на сите мостови на подрачјето на Општината.

Дадено е задолжение за распишување на јавна набавка за проектирање на делот под стамбените згради кај зелениот пазар и делот од м.в.Соларски Мост до вливот на Дурачка Река во Крива Река.

Дадено е задолжение за подготовка на извештај за текот и динамиката на постапката и активностите за поставување на куќни броеви и нумерација на објекти.

Дадено е задолжение за отпочнување на постапка за изнаоѓање на инвеститор за изградба на хотел на лок.Калин Камен, како и целокупната постапка за средување на документацијата во корелација со урбанистичкиот план за тој локалитет, заради издавање на сите соодветни одобренија за градба.

Дадено е задолжение за објавување на јавен повик за поставување на цевковод во нас.Лозаново, откако ќе се добие потребното одобрение.

Дадено е задолжение за поголема динамика во постапките за прибирање на средства по основ на неплатена фирмарина, комунална такса и закуп на претпростор пред УО, како и неплатена закупнина за користење на објекти во сопственост на Општината од страна на деловни субјекти.

**<u>Секретар</u>**

Информација во врска со тековните активности поврзани со извршувањето на работните задачи на вработените во општинската администрација во периодот помеѓу два колегиуми.

**<u>Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој</u>**

Информација во врска со тековните активности на ниво на Сектор, со акцент на определени завршени постапки во текот на изминатата работна недела.

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Информација во врска со потребата од ангажирање на комунален инспектор за опомена на УО за плаќање на комунална такса за користење на претпростор.

Информација во врска со подготовката на опомени за неплатена фирмарина.

Информација во врска со определени тековни плаќања по фактури.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Информација во врска со подготовката на проектна апликација за изградба на секундарна мрежа во водоснабдителниот систем во с.Луке.

Информација во врска со тековни работи на терен.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Информација во врска со добиена потврда од Министерството за транспорт и врски за користење на векторски подлоги за изработка на генерален урбанистички план, со задолжение за изработка на спецификација и објавување на јавен повик за набавка на истите.

Информација во врска со текот на постапката за донесување на ДУП за урбан блок 7-А и 4-А.

Информација во врска со текот на постапката за изработка на проект за Станечки Водопади.

Информација во врска со другите тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија**

Информација во врска со одржаната манифестација Невестинско поклонение 2019 година.

Информација во врска со подребата од подготовка на проектна апликација на повикот со Косово.

Задолжение за свикување на состанок со основните училишта и детската градинка, а во врска со организацијата на манифестација по повод 1-ви Април – Денот на шегата.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за човечки ресурси**

Информација во врска со потребата од допрецизирање на планот за годишен одмор.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за правни и општи работи**

Информација во врска со подготовка на материјалите од седницата на Советот на Општината одржана на ден 14.03.2019 година.

Информација во врска со тековни постапки за јавни набавки.

Информација во врска со тековните активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за инспекциски надзор**

Информација за тековните активности околу подготовката на големата еколошка акција Општина без смет за поубав свет.

Информација во врска со активностите на комуналните редари, како и на ангажираните општи работници на терен.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Информација во врска со активности за чистење на регулацијата на Скрљавски Дол и на диви депонии на потегот од „Кантина“ до „чешма“ кај м.в.Болничка ливада.

Информација во врска со активностите за редовно и тековно собирање на смет.

Информација во врска со пристигнувањето на новите возила за смет и воспоставување на нов распоред за собирање на сметот и депонирање на истиот.

Дадено е задолжение за перење на главната улица „Свети Јоаким Осоговски“.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова претпријатие.

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Информација во врска со подготвена проектна апликација на повикот објавен од Министерството за економија.

Информација во врска со потребата од санација на фонтаната пред ЛУ Градски Музеј и отпочнатите активности во таа насока.

Информација во врска со тековни плаќања.

Информација во врска со други тековни активности.

**Изготвил:**
**Мартин Николовски - Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

**18.03.2019 година, Крива Паланка**